РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022), Градоначалникот на општина Гази Баба ја донесе следната

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-21/2
05.01. 2026 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 1086/2025 за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба објавен во дневните весници, „Слободен печат“ „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација од Предлогот за вработување на кандидат на работното место Раководител на одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината – Виш инспектор, Сектор за инспекциски работи - Инспекторат-1 извршител се избира

**- Кире Ташев**

2. Именуваниот-та ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

На ден 29.11.2025 година во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба за работното место Раководител на одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината – Виш инспектор, Сектор за инспекциски работи - Инспекторат -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-2680/3 од 15.12.2025 година донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисија спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под бр. 10-2680/4 од 16.12.2025 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-2680/6 од 26.12.2025 година

На ден 31.12.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-2680/7 од 31.12.2025 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12, http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Градоначалникот на општина Гази Баба доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр. 10-2680/8 од 31.12.2025 година.

Согласно член 45 став 1 од од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022) Секретарот односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови 1,3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и проговори на административните службеници во втор степен.

**Доставено до :**
**-кандидатот**
**-Агенција за администрација**
**-персоналното досие**
**-архива**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Градоначалник**

**Бобан Стефковски**

Изготвил
Раководител на одделение,
Сања Димовска